# СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ
## од шестото продолжение на 66-тата седница
## на Собранието на Република Македонија
## одржано на 14 февруари 2001 година

Седницата се одржа во Собранието на Република Македонија, сала 1, со почеток во 14,55 часот.

Седницата ја отвори и со неа раководеше Стојан Андов, претседател на Собранието.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Продолжуваме со работа по 66-тата седница на Собранието на Република Македонија.

Пратеникот Љубисав Иванов - Ѕинго, ме извести дека од оправдани причини не е во можност да присуствува на седницата.

По податоците од службите присуствуваат 64 пратеници.

Констатирам дека на седницата присуствува мнозинството пратеници на Собранието и дека Собранието може полноважно да одлучува.

Минуваме на точката 20 - Национална програма за културата, за периодот од 2001 до 2005 година.

Комисијата за култура предлага да се одложи разгледувањето на Предлогот на националната програма од оваа седница, бидејќи таа се уште не го разгледала.

Предлогот на Комисијата го ставам на гласање.

Ви напоменувам дека Комисијата не го гледала ниту предлогот ниту амандманите. Вчера разговарав и со министерката, прифатлив е овој начин на работа.

Предлогот го ставам на гласање, точката да се гледа подоцна, само не сега.

Се гласа за или против предлогот на Комисијата.

Предлогот е усвоен, 53 пратеници гласале за, 1 гласал воздржано, 1 гласал против.

Имаме податоци од службите дека имаме 64 пратеници овде, но сите не ги ставиле картичките.

За збор се јавува г. министер за финансии.

**НИКОЛА ГРУЕВСКИ:**

Почитуван претседателе, почитувани пратеници, јас би замолил, доколку е можно точките од 28 до 32, Предлог за донесување на закон за акцизи, Предлог за донесување на Закон за девизно работење, Предлог за донесување на Закон за платен промет, Предлог за донесување на Закон за трансформација на Заводот за платен промет и Предлог за донесување на Закон за електронски облик и потпис, доколку е можно да се разгледаат пред останатите точки, бидејќи со добар дел од нив сме во временски теснец, поврзани се со одредени реформи кои исто така имаат одредена временска димензија. Да кажеме Заводот за платен промет и Законот за платен промет треба да влезат во трансформација од 1 јули оваа година, а до тогаш е потребно освен ова поминување на Парламентот да имаме и втора фаза на разгледување за што е потребно минимум еден месец. Исто така Законот за електронски облик и потпис е директно врзан со реформата на платниот промет така што оди во пакет со овие, па би замолил овие пет закони да ги разгледаме и да им се даде приоритет. Благодарам.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Еве го барањето на министерот кој го најави вчера при крајот на седницата.

Сега предлагам да се изјасниме да го прифатиме овој предлог.

Молам да гласаме.

Од присутни 63 пратеници, 57 гласале за, 1 против и 4 воздржани.

Констатирам дека предлогот е усвоен.

Минуваме на точката 28 - Предлог за донесување на Закон за акцизи. Предлогот за донесување на Законот и извештаите на работните тела на Собранието ви се доставени односно поделени.

Отворам претрес. Молам кој бара збор?

Има збор министерот за финансии г. Груевски.

**НИКОЛА ГРУЕВСКИ:**

Почитувани пратеници, Министерството за финансии имајќи ги предвид основните принципи и цели на реформата на даночниот систем со кој се настојува постојниот систем да се изгради во еден нов современ и ефикасен систем кој ќе одговара на пазарните услови на стопанисување и ќе биде компатибилен со даночните системи во Европската Унија

пристапи кон изготвување на нов закон за акцизите.

Друга многу важна причина за чекор кон изготвување на нов закон за акцизи е определбата на Владата на Република Македонија што поскоро да влезе во ЕУ и да воспостави заеднички пазар со земјите членки на Унијата. Сето ова е можно, покрај другото со хармонизирање на даночната легислатива по европското право. Во овој контекст е изготвувањето на новиот закон за акцизи кој е целосно усогласен со директивите на акцизите на Унијата со што се овозможува нашата регулатива во оваа област целосно да се приближи кон европските стандардни решенија.

Основна база при изготвувањето на новиот закон за акцизи е системската директива на ЕУ број 92/12 ЕЕТ, како и нејзините придружни структурни директиви, поодделно за секој вид добро кое подлежи на оданочување со акцизии.

Со овие директиви се уредуваат основните делови од системот на акцизите како територијата на примена, предметно оданочување, производство, преработување и посредување, транспорт, даночни ослободувања и минимална висина на акцизните ставки. Добра, кои по правило, во сите даночни системи на земјите од ЕУ се предмет на посебно оданочување согласно директивите се минералните масла, алкохолот и алкохолните пијалоци и тутунските производи.

Меѓутоа, надвор од генералниот систем некои земји од ЕУ го задржуваат правото што е дозволено со директивите на национално ниво да воведат даноци на потрошувачка односно акциза и на други добра, покрај оние обврзувачките.

Исто така овие производи се предмет на оданочување во нашиот нов закон.

Тоа 6и било кратко воведување во овој закон кој, да потсетам, оди во две фази.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Благодарам. Дали некој друг бара збор? (Никој).

Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок:

Прво, Собранието на Република Македонија го усвојува Предлогот за донесување на Закон за акцизи.

Второ, Владата на Република Македонија ќе изготви и на Собранието ќе му достави Предлог на закон при што ќе ги има предвид мислењата и укажувањата содржани во извештаите на работните тела, како и укажувањето од расправата на седницата на Собранието на Република Македонија.

Трето, овој заклучок заедно со извештаите на работните тела, како и укажувањето од расправата на седницата на Собранието на Република Македонија да се достави до Владата на Република Македонија и Министерството за финансии.

Предложениот заклучок го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме.

Од присутни 63 пратеници, 60 гласале, од кои 56 гласале за, 3 гласале воздржано и 1 гласал против.

Констатирам дека Собранието го усвои предложениот заклучок.

Минуваме на точка 29 - Предлог за донесување на Закон за девизно работење.

Предлогот за донесување на законот и извештаите на работните тела на Собранието ви се доставени односно поделени.

Отворам претрес. Молам, кој бара збор?

Министерот за финансии г. Груевски.

**НИКОЛА ГРУЕВСКИ:**

Добро, сосема накратко и за овој закон. Овој закон кој во повеќето централно-источно европски држави веќе одамна има голем прогрес, кај нас подолго време не беше менуван, не беше драматично менуван некаде од 1993 година кога е донесен, така што по малку заостануваме во оваа област и во ригидноста на девизното работење.

Со законот се предвидува голема либерализација на девизното работење и во некои случаеви во либерализацијата одиме многу понапред и од држави како што се Чешка, Полска и Унгарија. Либерализацијата ќе се одвива во фази, нешто ќе биде веднаш либерализирано, нешто за година или две, нешто за неколку години, вклучувајќи одредени либерализации кои се најсензибилни по завршувањето на првата фаза од Договорот со ЕУ што веројатно ќе биде 2006-2007 година.

Со законот се овозможува претпријатијата да имаат девизни сметки во банките, што е новина, со законот се овозможува претпријатијата и банките во Република Македонија да можат да земат кредити од странство директно без посебни

процедури, бирократски процедури во Централната банка на принцип само на известување.

Со законот се предвидува целосно ослободување на капиталните трансакции и во законот е предвидена можност договорите помеѓу претпријатијата да можат да се прават и во странска валута.

Толку за законот, инаку законот е големо приближување кон ЕУ, подготвуван е со локални и меѓународни експерти така што ќе биде закон кој ќе биде на едно ниво дури во некои делови на многу понапредно ниво од некои држави во Централно-источна Европа и е голема можност на македонските компании за подобро и полесно работење во извозно-увозните работења.

Ви благодарам.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Благодарам. Дали некој друг бара збор? (Никој).

Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок:

Прво, Собранието на Република Македонија го усвојува Предлогот за донесување на Закон за девизно работење.

Второ, Владата на Република Македонија ќе изготви и на Собранието ќе му достави Предлог на закон при што ќе ги има предвид мислењата и укажувањата содржани во извештаите на работните тела, како и укажувањето од расправата на седницата на Собранието на Република Македонија.

Трето, овој заклучок заедно со извештаите на работните тела, како и укажувањето од расправата на седницата на Собранието на Република Македонија да се достави до Владата на Република Македонија и Министерството за финансии.

Предложениот заклучок го ставам на гласање. Ве молам да гласаме.

Од присутни 65 пратеници, 58 гласале, од кои 56 гласале за, 1 гласал воздржано и 1 гласал против.

Констатирам дека Собранието го усвои предложениот заклучок.

Минуваме на точка 30 - Предлог за донесување на Закон за платен промет.

Предлогот за донесување на законот и извештаите на работните тела на Собранието ви се доставени односно поделени.

Отворам претрес. Молам, кој бара збор?

Министерот за финансии г. Груевски.

**НИКОЛА ГРУЕВСКИ:**

Сосема краток увод за законот за кој што деновиве се повеќе се дискутира. Би спомнал нешто заедно во пакет за Законот за платен промет и законот за трансформација на Заводот за платен промет. Со овие два закони правно се овозможува имплементирање на она што се подготвува од 1 јули, а тоа е комплетно нов платен систем во кој носител на платниот систем ќе бидат банките наместо Централната куќа за платен промет, сегашната ДДБ.

Со овие два закони се предвидува сегашната куќа Завод за платен промет да се трансформира во три институции, во Клириншка куќа, во Централен депозитар за хартии од вредност и во Централен регистер.

Покрај Клириншката куќа каде ќе се одвиваат малите плаќања, големите плаќања, ќе се одвиваат исто така во новоформираниот таканаречен РТГ систем, систем на порамнување на големите плаќања кои ќе се наоѓа во Централната банка.

Системот кој го предвидуваме да се воведе е компатибилен со ЕУ, за разлика од постојниот систем кој е целосно декомпатибилен и кој има голем број на недостатоци иако има и голем број на предности, мораме да бидеме искрени, меѓутоа, има и голем број на недостатоци кои се повеќе се воочливи.

Со новиот систем на платен промет ќе се овозможи поголема ликвидност, подобро управување со ликвидноста на банките, што индиректно очекуваме да влијае и на пад на каматните стапки. Секоја компанија ќе може да отвори сметки во банките кои ќе бидат, како што спомнав, носители на платниот промет.

Има и други специфичности кои се наведени во законот, меѓутоа ова би било накратко само како увод во евентуална расправа.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Благодарам. Дали некој друг бара збор? (Никој).

Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок:

Прво, Собранието на Република Македонија го усвојува Предлогот за донесување на Закон за платен промет.

Второ, Владата на Република Македонија ќе изготви и на Собранието ќе му достави Предлог на закон при што ќе ги има предвид мислењата и укажувањата содржани во извештаите на работните тела, како и укажувањето од расправата на седницата на Собранието на Република Македонија.

Трето, овој заклучок заедно со извештаите на работните тела, како и укажувањето од расправата на седницата на Собранието на Република Македонија да се достави до Владата на Република Македонија и Министерството за финансии.

Предложениот заклучок го ставам на гласање. Ве молам да гласаме.

Од присутни 64 пратеници, 57 гласале, од кои 52 гласале за, 5 гласале воздржано а никој нема против.

Пред да изнесам заклучок по оваа точка, односно пред да заклучам потребно е службите да утврдат точен број на присутни во салата, како да излезе некој.

Во салата има 62 пратеници.

Констатирам дека Собранието го усвои предложениот заклучок.

Минуваме на точка 31 - Предлог за донесување на Закон за трансформација на Заводот за платен промет.

Предлогот за донесување на законот и извештаите на работните тела на Собранието ви се доставени односно поделени.

Отворам претрес. Молам, кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок:

Прво, Собранието на Република Македонија го усвојува Предлогот за донесување на Закон за трансформација на Заводот за платен промет.

Второ, Владата на Република Македонија ќе изготви и на Собранието ќе му достави Предлог на закон при што ќе ги има предвид мислењата и укажувањата содржани во извештаите на работните тела, како и укажувањето од расправата на седницата на Собранието на Република Македонија.

Трето, овој заклучок заедно со извештаите на работните тела, како и укажувањето од расправата на седницата на Собранието на Република Македонија да се достави до Владата на Република Македонија и Министерството за финансии.

Предложениот заклучок го ставам на гласање. Ве молам да гласаме.

Од присутни 64 пратеници, 61 гласале, од кои 59 гласале за, 2 гласале воздржано а никој нема против.

Констатирам дека Собранието го усвои предложениот заклучок.

Минуваме на точка 32 - Предлог за донесување на Закон за електронски облик и потпис.

Предлогот за донесување на законот и извештаите на работните тела на Собранието ви се доставени односно поделени.

Отворам претрес. Молам, кој бара збор? (Никој).

Има збор министерот за финансии.

**НИКОЛА ГРУЕВСКИ:**

Почитувани пратеници, основна причина поради која се предлага донесување на овој закон за електронски облик и потпис е главната ориентација на Владата на Република Македонија кон реформи во сферата на платниот промет што вклучува употреба на современа информатичка и телекомуникациска технологија.

Преминувањето на платниот промет од ДДБ во банките ја наметнува потребата за целосна реформа во техничка смисла на зборот и со примената на нови технологии со кои ќе се овозможи електронско работење, ќе се оствари намалување на употребата на хартиени документи, а со тоа и на трошоците на работењето.

Електронското работење ќе ја зголеми ефикасноста и сигурноста во комуникациите помеѓу субјектите во платниот и правниот промет преку современа информатичка и телекомуникациска технологија која им е достапна.

Со употребата на електронската технологија се овозможува примање, праќање и чување на податоци во електронски облик како и креирање на електронски потпис чие користење во платниот промет и прометот помеѓу другите правни субјекти во платниот промет станува нужна потреба.

Толку би имал накратко.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Благодарам. Има збор г. Данило Глигоровски.

**ДАНИЛО ГЛИГОРОВСКИ:**

Почитуван претседателе, почитуван министер, почитувани колеги пратеници,

бидејќи овој закон се носи во две фази и ова е првата фаза во која што Министерството за финансии може да прими одредени сугестии се јавив за дискусија со цел да дадам некои забелешки кои откако ќе бидат симнати како стенографски белешки да бидат доставени до ресорното министерство, Министерството за финанси, бидејќи сметам дека некои од забелешките би требало да бидат вградени во новиот закон.

Имено, Законот како што е предложен носи назив "Закон за електронски облик и потпис". Сметам дека треба да се изврши корекција во самиот назив бидејќи "електронски облик" нема некое поконкретно значење. Електронски облик е она што го гледаме на екранот, електронски облик е она што во овој момент го гледаат граѓаните на телевизија. Не се работи за некаков електронски облик, туку станува збор, како што се кажува во член 2, станува збор за податоци во електронски облик и затоа називот на законот би требало да гласи "Закон за податоци во електронски облик".

Исто така, во дефинициите на законот стои дефиниција "електронски потпис". Не станува збор за било каков потпис, како што е овде наведено, туку станува збор за електронски потпис и затоа предлагам Законот да носи име "Закон за податоци во електронски облик и електронски потпис".

Тоа е првата забелешка.

Би сакал да напоменам дека во Словенија за една година од донесувањето на еден таков закон околу 50 илјади побрзале во деловните банки да извадат свој квалификуван сертификат и своето работење да го отпочнат со помош на оваа електронска комерција. За да се случи тоа и кај нас, а такво нешто се предвидува со воведувањето на платниот промет во деловните банки треба да има одреден стимуланс кај самите фирми.

Што се однесува до стимулансот би можеле да ги разгледаме искуствата и во Западна Европа, меѓутоа и во САД. Оваа работа во САД започна пред три четири години. На кој начин беа стимулирани фирмите масовно да преминат на електронското работење. Беа стимулирани со помали даноци во однос на некои од давачките. Овде имам изработени директиви од Европскиот Парламент до своите земји членки, во кои што Европскиот Парламент им сугерира односно наредува на сите земји членки во  Европската Унија до 1 јули оваа година во сите земји да има усвоено ваков закон. Меѓутоа, покрај овие директиви постојат и директиви во кои што се укажува како да бидат стимулирани фирмите за да извадат електронски сертификат и потоа да преминат на електронско тргување. Една од тие стимуланси е токму ВАТ системот односно ДДВ системот. Значи, евентуално во втората фаза кога ќе го усвојуваме овој закон јас би бил среќен кога би видел предлог од Министерството за финансии во кој би се изменил Законот за трговско работење со предвидени одредени стимуланси доколку фирмата остварила трансакција, било каква, некои две фирми оствариле таа трансакција доколку била остварена на електронски начин да осетат фирмите некоја олеснителна околност во некоја стапка, на пример ДДВ или некој друг стимуланс. Мислам дека таквиот стимуланс ќе ги натера фирмите да поминат а добивките јасно е кои се. Поголем, стопостотен мониторинг на државата на сите трансакции. Кога е електронски обавена трансакцијата нема можност за сива или црна економија.

Имам уште неколку забелешки во однос на овој закон, меѓутоа пред да ги изнесам нив би сакал од Европската директива која што треба на 1 јули оваа година во сите европски земји членки на Европската Унија да биде усвоена да цитирам некои членови. Посебно првите два члена, кои се многу карактеристични и доколку ние на некој начин размислуваме за овие два члена би требало навистина да ја поздравиме иницијативата од Министерството за финансии. Еве како гласат тие два члена.

"Европската Унија имајќи намера да формира уште посилни врски помеѓу државите и луѓето во Европа за да осигура европски и социјален развој во согласност со членот 14 од Договорот за формирањето на Европската Унија, според кој внатрешниот пазар е област без внатрешни граници каде се обезбедени слободното движење на добра и услуги смета дека развојот на услуги од информационото општество во областа на Европската Унија без внатрешни граници е пресудно за елиминирање на бариерите што ги делат европските народи". Тоа е првиот член.

Вториот член е: "Развојот на електронската трговија односно електронската комерција во информационото општество нуди значителни можности за вработување посебно во малите и средните претпријатија и ќе го стимулира економскиот развој и инвестирањето во иновациите внатре во европските компании.

Исто така, ќе ја зголеми конкурентноста на европската индустрија ширум светот. Под претпоставка дека секој човек во скора иднина во Европа ќе има пристап до Интернет". Значи, оваа директива на некој начин има и некои си проекции за блиската иднина што ќе се случи во Европа и во тој поглед еве и ние како што спомнуваат поголем број пратеници станува збор за 80 илјади закони кои што ние ќе треба да ги усогласиме. Практично ова е однапред, пред да го потпишеме договорот за асоцијација и стабилизација, на еден од тие закони ние практично сме во фаза на почетно донесување.

Уште две три забелешки имам.

Во членот 4, тој практично е во негативна синтаксичка форма изразен. Податок во електронски облик не може да се одбие или да не се прифати како доказ само затоа што е во електронски облик. Практично е препишан комплетно еден текст од овие европски директиви, меѓутоа, сметам дека би требало пред оваа реченица да се додаде уште една реченица со која појасно и информативно како законско решение ќе биде внесена, а тоа е "податок во електронски облик се смета за валиден судски доказ доколку постои сертификат или квалификуван сертификат што ја потврдува веродостојноста на податокот". Дефинициите се дадени во самиот закон што значи сертификат и квалификуван сертификат.

Во членот 12 точка 3 практично на некој начин има една опасност доколку вака остане членот, од лажно внесување или лажно произведување на сертификат кој што со ваквиот член доколку не се внимава ќе биде озаконето лажното оформување на сертификатот. Имено, членот 12 гласи "електронски потпис не може да се оспори или да се одбие како доказ поради тоа што‟, а точката 3 е "сертификатот не е издаден од акредитиран издавач". Значи, се вели дури и да не е издаден од акредитиран издавач електронскиот потпис може да се прифати. Постојат разни портали или сервиси на Интернет каде што вие можете каде ќе ви дадат вас дел од јавниот клуч, тајниот клуч ќе ви го испратат, а јавниот клуч ќе го чуваат, меѓутоа нема никаква гаранција дека вие во моментот кога сте се пријавувале не сте се пријавиле под име ХУ, а не под вашето име. Таквиот електронски потпис или целата таа шема ако остане вака членот може да биде искористен, бидејќи членот вели дури и да не е од акредитиран издавач, ние од него ќе си го земеме и таквиот потпис ќе си го користиме за наше работење претставувајќи се со лажно име. Значи, тука треба да се смени, евентуално јас предлагам дури и да нема квалификуван сертификат не може да се одбие како доказ. Тука треба да се внимава на таквата можност.

Има уште еден член кој што практично дека можеби при преводите од англиски јазик не е внимавано, затоа што доколку токму така остане го негира целиот закон. Тоа е членот 31 точка 2.

Во членот 31 точка 2 се вели "издавачот не смее да чува податоци за електронско потпишување". Најверојатно реченицата треба да биде допродолжена. Значи, треба да гласи: "издавач не смее да чува податоци за електронско потпишување што ги поседуваат носителите на квалификуван сертификат". Имено, за што се работи.

Ние носиме закон во кој што ги делиме работите на две страни. Едните се издавачи и тие се авторизирани од државата, а од другата страна имаме носители. Ако издавачот не држи ниту едно парче од електронскиот потпис практично го негираме целиот закон, а од друга страна постои опасност во моментот кога издавачот го издава парчето што треба да го има носителот да си задржи за себе копија и на таков начин го крши законот и тоа флагрантно го прекршил законот. Мој предлог е во точката 2 да биде дополнета реченицата и да гласи "издавачот не смее да чува податоци за електронско потпишување што ги поседуваат носителите на квалификуван сертификат".

И една генерална забелешка, чисто како подстрек да служи за луѓето што работат во Министерството за финансии.

Постојат 5-6 членови во кои што се вели откако ќе биде донесен законот Министерството во рок од 60 дена ќе изработи подзаконски акти за да почне тоа да работи. Од досегашната ажурност сме убедени дека во Министерството се работат подзаконските акти во согласност со времето ќе ги дадат, меѓутоа сега чисто како потсетување откако би бил усвоен законот таа работа да биде усвоена за да можат деловните банки кои во иднина ќе се јават како издавачи на тие сертификати да ги знаат правилата на игра односно тие подзаконски акти да бидат усвоени.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Молам, дали уште некој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок:

1. Собранието на Република Македонија го усвојува Предлогот за донесување на закон за електронски облик и потпис.

2. Владата на Република Македонија да изготви и на Собранието да му достави предлог на закон што ќе ги има предвид мислењата и укажувањата содржани во извештаите на работните тела, како и укажувањата од расправата на седницата на Собранието на Република Македонија.

3. Овој заклучок заедно со извештаите на работните тела, како и укажувањата од расправата на седницата на Собранието на Република Македонија да се достави до Владата на Република Македонија и Министерството за финансии.

Предложениот заклучок го ставам на гласање. Ве молам да гласаме.

60 пратеници гласале и тоа 57 пратеници гласале за, 2 гласале воздржано и никој не гласал против.

Молам, да се утврди точен број на пратеници во салата.

(Службите ги пребројуваат присутните пратеници во салата).

Според тоа гласањето важи, бидејќи имаме потребен број пратеници.

Констатирам дека Собранието го усвои предложениот заклучок Според договорот што го постигнавме кога ја прекинавме расправата по избор на претседатели на судовите, откако ќе ги завршиме реформските закони од Министерството за финансии, а веќе немаме, да се вратиме на точката што ја прекинавме.

Значи, продолжуваме со работа по точката 36.

Продолжуваме со гласањето по предлозите за избор на претседатели на основните судови.

Предлогот Звонко Јосевски да биде избран за претседател на Основниот суд во Куманово го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме.

58 пратеници гласале и тоа 52 гласале за, 2 гласале воздржано и 4 гласале против.

Молам да се утврди точен број на пратеници присутни во салата.

(Службите ги пребројуваат присутните пратеници во салата).

Бидејќи има доволен број пратеници констатирам дека Звонко Јосевски е избран за претседател на Основниот суд на Куманово.

Предлогот Кочо Георгиоски, да биде избра за претседател на Основниот суд во Крушево го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме.

Вкупно гласале 58 пратеници од кои 12 гласале за, 11 гласале воздржано и 35 гласале против.

Констатирам дека Кочо Георгиоски не е избран за претседател на Основниот суд во Крушево.

Предлогот Лазар Ризов да биде избран за претседател на Основниот суд во Неготино го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме.

Вкупно гласале 58 пратеници, од кои 7 гласале за, 10 гласале воздржано и 41 пратеник гласале против.

Констатирам дека Лазар Ризов не е избран за претседател на Основниот суд во Неготино.

Предлогот Љубен Алексиевски да биде избран за претседател на Основниот суд во Охрид го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме.

Вкупно гласале 60 пратеници од кои 11 гласале за, 10 гласале воздржано и 39 гласале против.

Констатирам дека Љубен Алексиевски не е избран за претседател на Основниот суд во Охрид.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Предлогот Драги Жаловски да биде избран за претседател на Основниот суд во Ресен ги ставам на гласање.

Молам да гласаме.

Гласале 62 пратеници, 8 пратеници гласале за, 7 гласале воздржано и 47 гласале против.

Констатирам дека Драги Жаловски не е избран за претседател на основниот суд на Ресен.

Предлогот Стојанчо Атанасов да биде избран претседател на Основниот суд во Свети Николе го ставам на гласање.

Молам да гласаме. Вкупно гласале 61 пратеник.

61 пратеник гласале. За гласале 55 пратеници, 4 пратеници гласале воздржано и 2 пратеници гласале против.

Констатирам дека Стојанчо Атанасов е избран за претседател на Основниот суд во Свети Николе.

Предлогот Боро Тасевски да биде избран за претседател на Основниот суд Скопје I - Скопје го ставам на гласање.

Молам да гласаме.

66 пратеници гласале. 8 пратеници гласале за, 8 пратеници се воздржале од гласање и 40 пратеници гласале против.

Молам да утврдиме точен број на присутни пратеници во салата.

62 пратеници биле присутни во моментот на гласањето. Според гласањето важи.

Констатирам дека Боро Тасевски не е избран за претседател на Основниот суд Скопје I - Скопје.

Предлогот Љубомир Јовевски да биде избран за претседател на Основниот суд Скопје II - Скопје, го ставам на гласање.

Молам да гласаме.

Од вкупно 64 присутни, 59 гласале. 6 пратеници гласале за, 9 гласале воздржано и 44 гласале против.

Констатирам дека Љубомир Јаневски не е избран за претседател на Основниот суд Скопје II - Скопје.

Процедурално се јавува господинот Мерсел Биљали.

**МЕРСЕЛ БИЉАЛИ:**

Господине претседателе, дами и господа пратеници.

Мислам дека ова прашање не се однесува само на процедура, туку се однесува и на моралната содржина на ова Собрание. Најмалку имаме право ние овде колективно да вршиме линч на некого, со оглед на тоа што воопшто не ги познаваме луѓето. 90% од луѓето кои овде гласаат не знаат, ако гласаат за, зошто гласаат, не знаат ни зошто гласаат против. Имено, тоа го кажувам за јавноста. Ние немаме право со партиски договор да вршиме линч на луѓето кои стручно се оспособени и да газиме врз предлогот на судскиот совет.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Деловнички се јавува г-динот Јордан Бошков.

**ЈОРДАН БОШКОВ:**

Господине претседателе, гласајќи за предлозите кои ги достави Републичкиот судски совет, на некој начин не се чувствувам многу пријатно, бидејќи во меѓувреме, додека беше тука постапката во тековното одолговлекување, презакажување, или на други начини, претседателот на Републичкиот судски совет поднесе оставка, а не слушнавме кои се причините за тоа. Тоа е една висока функција во а ние тоа не го дознавме. Овие работи не се незначајни.

Исто така не ми е пријатно да гласам за предлози, за против или воздржан, кога нема претставник од Републичкиот судски совет. Овластениот предлагач не е тука. На некој начин дигнитетот на поднесен предлог се нарушува.

Ако можете да ми кажете зошто немате претставник од Републичкиот судски совет.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Јас го поканив уредно и тука беше претседателот на Републичкиот судски совет. Сега излегнал некаде и не ме известил зошто излегол. Но, тоа не е пречка ние да гласаме.

Сакам само да ви кажам дека секој пратеник гласал во согласност на својата совест. Тоа негово уставно право и уставна задача и не може никој на никого да му врши притисок. Ако нешто не е во ред со системот, зошто Собранието е овластено да избира Републички судски совет, треба да се разговара за системот и таму да се менува нешто. Инаку, сега си почна постапката како фактички е пропишана.

Морам да ви кажам, јас лично гласав и постојано сум гласал за секој предлог на Републичкиот судски совет, што тоа е право на секој пратеник како да се однесува.

Предлогот Никола Спасовски да биде избран за претседател на Основниот суд во Струга го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме.

Гласале 65 пратеници. 19 пратеници гласале за, 11 пратеници гласале воздржано и 35 пратеници гласале против.

Констатирам дека Никола Спасевски не е избран за претседател на Основниот суд во Струга.

Иако се малку, на избраните претседатели на основните судови им го честитам изборот и им посакувам успешна работа.

Минуваме на точката 38.- Предлог на Одлука за изменување на Одлуката за основање на совет за меѓунационални односи.

Предлогот на одлуката Ви е поделен

Отворам претрес. Молам, кој бара збор.

Има збор пратеникот Билал Љутфии.

**БИЛАЛ ЉУТФИИ:**

Господине претседателе јас пред малку се јавив но сигурно вие не

забележавте на екранот. Во име на пратеничката група на ДПА јас сакам пред јавноста да соопштам дека будни сме ние овде во салата, го следиме тоа за што треба да гласаме, со што го демантирам господинот Мерсел Билаљи дека 99% овде во Собранието не знаат за што гласаат. Тоа воопшто не држи. А ако господинот не знае за што гласа, ние тврдиме дека знаеме. За тоа се случува, не случајно некој од претседателите што биле предложени за одредени судови во Република Македонија, да помине, а некој да не помине. Благодарам.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Процедурално се јавува пратеникот Илија Лазаров.

**ИЛИЈА ЛАЗАРОВ:**

Господине претседателе, почитуван министер.

Јас исто така, имав притиснато дека се јавувам за збор, уште кога се јави господинот Биљали, и сакав да интервенирам.

Јас гласав така како што гласав, може да се види во листингот, сосема совесно. За сите овие предлози се консултирав со луѓе со правници адвокати, судии, формирам свое мислење и гласав така како што сметав дека треба да гласам. Не сакам никој да ја девалвира работата на парламентот. Сите ние сме образовани и свесни луѓе и знаеме што правиме. Никој не треба да ни натура ништо. Зошто другите не врбувале, ако таа страна не врбувала, нели. Сепак, ние одлучуваме самостојно, секој така како што размислува, граѓаните ни дале право и се изјаснуваме така како што мислиме. А судството знаеме во каква состојба е, и затоа така гласаме.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Деловничка интервенција бара г-динот Мерсел Биљали.

**МЕРСЕЛ БИЉАлИ:**

Господине претседателе, јас воопшто не мислев, оние што гласаат дека не знаат да разликуваат црвена, зелена и жолта боја. Мислам дека имаат таков талент. Јас сакав да кажам нешто друго. Имено, дали луѓето односно пратениците, при гласањето ги имаат предвид стручните способности на луѓето за кои гласаат, дали имаат предвид дека гласаат за луѓе кои се совесни и одговорни, или гласаат по партиска директива. Тоа ми е целта. Другото, кој како ќе гласа тоа е друго прашање.

**СТОЈАН АНДОВ:**

За збор се јавува пратеникот Љупчо Анушев.

**ЉУПЧО АНУШЕВ:**

Господине претседателе, господа колеги, се јавувам во својство на член на Комисијата за избори и именувања.

Многу пати ние по оваа точка имавме различно мислење во Комисијата. Постојано беше присутен претседателот на Републичкиот судски совет. Оттаму и ја научив процедурата како Републичкиот судски совет предлага судии и претседатели, со карактеристики, со одредени мислења од сите релевантни институции во судството. Значи, Републичкиот судски совет не ги предлага на памет туку од апелационите и од основните судови се поднесени карактеристики и мислења за тие судии. Апсолутно, се согласувам со колегата Билаљи дека после таквите мислења на соодветните институции, не можеме ние без образложение да негираме Предлог на Републички судски совет.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Има збор пратеникот Наталија Марковиќ - Димева.

**НАТАЛИЈА МАРКОВИЌ-ДИМЕВА:**

Господине претседателе, колеги пратеници, дискусиите на колегите задираат во стручноста на Републичкиот судски совет и некои некоректни размислувања, врбувања и лобирање. Тоа значи, дека некој некому му лобира за да се изгласа одреден предлог, со оглед на тоа што ние не можеме да препознаваме луѓето кои на територијата на Република Македонија се предложени како кандидати за претседатели за судови.

Ако веќе слушнавме дека на нас граѓаните ни дале мандат да одлучуваме, тогаш да одиме малку и подалеку. Ние овде гласавме, му дадовме мандат на Републичкиот судски совет да одлучува во делот на своите стручни кадри кои ќе ги постави за претседатели на судовите на Република Македонија. Оттука, произлегува дека судскиот совет по одредено размислување од Апелациониот суд и мислење од Врховниот суд, исто така анализа на состојбите во судовите, анализа на работата и судската функција досега вршена од страна на тие кандидати за претседатели, го доставува до Собранието на Република Македонија предлогот за претседател на одреден суд во Република Македонија. Оттука, произлегува дека ние не треба да се подвргнуваме на лобирања

или врбувања бидејќи тоа е сосема некоректно и да ја рушиме стручноста на судскиот совет кој е составен од еминентни правници, а од друга страна, уште еднаш повторувам, мандатот му го даде токму Собранието на Република Македонија, значи пратениците кои сега седат овде, значи овој состав.

Јас не можам да се согласам со колегите кога размислуваат дека ние овде сме будни, гледаме и знаеме кого да гласаме. Ако за тоа станува збор, тогаш секој си ги знае состојбите и кандидатите, од прилика, во својата општина. Тогаш на следните предлози, ние значи имаме право да критикуваме, или да кажуваме одредени аргументи за кандидати кои со лобирање седнале на оваа листа. Тоа сосема не е во ред и треба да го почитуваме мислењето на Републичкиот судски совет.

**СТОЈАН АНДОВ:**

За збор се јавува пратеникот Жарко Караџоски.

**ЖАРКО КАРАЏОСКИ:**

Господиен претседателе, почитувани пратеници би сакал да се надоврзам на дискусиите на претходните пратеници по однос на изборот на претседателите на судовите.

Морам да свртам едно внимание. Имено, сите овие дискусии што се кажуваат, дали некој лобирал или не лобирал, за одредени судии, тогаш се наметнува прашањето зошто парламентот ги бира и ги разрешува судиите. Тоа е уставно начело, уставна категорија.

Самиот факт што парламентот е составен, пред се, од политички партии, значи политичко тело, секако дека игра некоја политичка волја или некое политичко расположение при гласањето. Доколку не било така, доколку парламентот би бил тој што би ја оценувал стручноста на судиите, тогаш не би постоел Републичкиот судски совет. Факт е дека стручноста на предложените кандидати доаѓа од тело кое ја цени стручноста на кандидатите, а дали некој ќе добие гласови или не, на крајот на краиштата зависи и од политичката волја. Тука нема никаква дискусија и никаква дилема. Сите овие дискусии одат во правец на тоа, дали е исправно да се бираат судиите како што се бираат сега, или не, но тоа е веќе прашање кое наметнува друга дискусија а тоа е дали треба да го промениме Уставот или не. Се додека е ваков Уставот, потполно право е на секој пратеник да размислува и слободно да ја искаже волјата како ќе гласа. Дури не мора и да образложи.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Апелирам деловничките интервенции да бидат вистински деловнички интервенции да не бидат со прашање кое не е на дневен ред. Немаме ние ни изготвено материјал, немаме ниту предлози, за да остане или да се промени системот за избор на судии и за тоа ние сега не можеме да навлеземе во оваа точка. Од овој исход на гласање може да се извлече заклучок Републичкиот судски совет, Министерството за правда и Собранието ако треба нешто да проучи. Меѓутоа, сега треба да завршиме со оваа работа. Гледам дека имаме уште неколку интервенции од деловнички карактер. Би ве замолил навистина тие интервенции да бидат од деловнички карактер.

Има збор пратеникот Насер Зибери.

**НАСЕР ЗИБЕРИ:**

Сепак, господине претседателе, такви дискусии не можат да останат без одговор, бидејќи се разликуваат во основните начела на нашиот уставен поредок. Вие тука слушате дискусии кои се залагаат за директна вмешаност и влијание на парламентот врз една друга власт. Ако сакате вие ние да не интервенираме, односно да ги изнесеме нашите различни ставови по тие прашања, тогаш ваша должност е, согласно нашето уставно уредување, да давате одговор на такви прашања, за да не се отвори ваква расправа. Врвен принцип на демократијата е поделбата на власта, без оглед што Собранието, според нашиот Устав, ги бира судиите. Единство на власта како принцип на државно уредување ние сме го напуштиле уште 1990 односно 1991 година, кога го донесовме Уставот на Република Македонија и кога го напуштивме собранискиот систем. Сега, со вакви намери и тенденции, Собранието да води политика во судството, а не надлежниот орган кој по Уставот е должен за тоа, мислам дека е надвор од концептот на државното уредување на Република Македонија. Тоа како прво.

**НАСЕР ЗИБЕРИ:** (продолжение)

Овој состав и ова владино мнозинство изврши интервенција во Законот за републичкиот судски совет. Вие се сеќавате дека тогаш се направи измена каде што му се овозможи на министерот за правда да биде полноправен член во Републичкиот судски совет и да дава свои предлози таму и да влијае, односно

извршната власт, а преку не и законодавната да влијаат врз судската власт. И ако и тоа не било доволно, во таква ситуација кога директно министерот за правда влијаел врз работата на судскиот совет, сега одиме чекор понатаму. Собранието непосредно се инволвира, па се разбира, Собранието е составено од политички партии. Но тоа не ни дава за право да судиме за работи за кои не можеме мериторно да одлучиме и за кои постојат соодветни органи со Уставот дефинирани.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Јас мислев да избегнам ваква дискусија, но сега веќе морам да дадам одредени појаснување, бидејќи тоа се бараше од мене. Што се однесува до Собранието, ќе дадам појаснување.

Прво, сакам да ви кажам дека во Македонија е усвоен принципот на поделбата на власта и до тоа ова Собрание се држи. Тоа е една работа.

Втора работа, во изборот на судиите постои двоизбор. Стручната проценка ја дава надлежен орган, тоа е Републичкиот судски совет и само тој има право да предлага судии на Собранието, а Собранието единствено избира судии.

Според тоа, Собранието ако избере судија, кој не го предложил судскиот совет, тогаш се вклучило и се наметнало над третата власт. Собранието ако не избере предлози од судскиот совет, се задржува во рамките на својата надлежност. Ако избере по свој предлог, а не по предлог на Судскиот совет, тогаш ги пречекорил своите уставни овластувања.

Тоа Собранието ниту го направило, ниту ќе го направи. Според тоа, дали Собранието ќе ги цени предлозите на судскиот совет, зависи од предлозите на судскиот совет и од составот на Собранието. На некого му е доволно да гласи така, а и јас цело време гласам за предлозите на судскиот совет. Меѓутоа, и г-динот Зибери и сите други знаат дека јас имав спор и во првиот состав и во вториот состав на Собранието.

Мојот став беше, бидејќи по Уставот е овластен судскиот совет како единствен предлагач, неговите предлози да не можат да минуваат на Комисијата за изборот и именувањето. Тоа свое толкување му го соопштив на претседателот на Комисијата за избор и именување. Тогаш, и тогаш така се работеше. Предлозите на Републичкиот судски совет доаѓаат директно на Собрание, заради тоа што такви три предлагачи постојат надвор од пратениците и Владата. Може да предлага Републичкиот судски совет, исто така претседателот на Републиката дава свои предлози, и тој е предлагач и претседателот на Владата и тој исто предлагач. Сите други предлози за избор и именување потекнуваат од Собранието и се овластени на Комисијата надлежна на Собранието.

Според тоа мојот став беше дека предлозите на Републичкиот судски совет директно ќе доаѓаат на седница на Собранието, да не одат на Комисијата. Меѓутоа, јас си отидов 1996 год, од тоа место и тогаш се врати практиката на Комисијата за избор и именување да ги гледа предлозите на судскиот совет. Сегашниот состав ја наследи таа практика и си продолжи. Тоа е работата. Ништо друго.

**НАСЕР ЗИБЕРИ:**

Сакам да се јавам за реплика.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Нема зошто реплика. Сакавте објаснување ви дадов објаснување. Натаму можете само да гласате за моето објаснување, не можете понатаму со мене да се објаснувате. Вие ако сакате ќе ми поднесете мене за тоа интерпелација дали добро ги водам седниците на Собранието. Но не можете во мојата работа да навлегувате.

**НАСЕР ЗИБЕРИ:**

Бидете парламентарни.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Не сум завршил г-дине Зибери. Вие треба да бидете парламентарни. Немојте да ми упаѓате. Почекајте малку.

Според тоа, политичката опортуност како критериум во изборот на судиите во Собранието очигледно не може да се избегне. Тоа беше случај во минатиот состав и тоа ми даде повод таа интервенција да ја направам. И покрај тоа што ја направив таа интервенција, истите работи се случуваат. Да речеме не толку многу на една седница, меѓутоа, доста. Сигурно едно 60-тина судии ние не ги избравме по критериум на политички и не знам кои припадности и т.н. Тој критериум во Собранието постои. Она што е зрело за размислување, тоа е дали ние треба со интервенција во Уставот изборот на судиите на друг начин да го дефинираме. Да го пренесеме судскиот совет да се преобликува во друго тело, да биде претседателот на Републиката, или при друго тело, или на друг начин, да биде составено на друг начин, да работи на друг начин и да одлучува на друг начин и да завршува изборот и таму да се затвора

целокупната зграда на кадрови, односно кадровски решенија во третата власт. За таа работа треба да се разговара надвор од оваа седница. Ние ова прашањето со деловничка интервенција ниту можеме правилно да го поставиме, ниту да го решиме. Ваша иницијатива како пратеници, односно како пратеничка група и ваше право е да направите материјал, да ги согледате сите овие работи, а и било кој тоа да го направи, да побара поинакви решенија од ова сега што се применува. Во системот ваква можност постои, легална е не е добра, и јас исто така мислам дека не е добра. Но така е, постои. Гласањето и изборот на судиите и изборите на претседателите на судовите се извлекува од Уставот. Не е директно во Уставот. Тоа е во законот за судството.

Овие работи сакам да ви ги кажам и да се сфати дека г-динот Зибери, или некој друг што седи овде дека не може на друг начин да заклучува освен вака. Нема што друго да се прави.

Г-динот Зибери бара реплика.

**НАСЕР ЗИБЕРИ:**

Г-дине претседателе, вашите укажувања лично ги прифаќам и добро е што и во претходниот состав сте се залагале за вакви принципи.

Не е добро тоа што се обидувате да го браните продолжувањето на една тенденција, која како што велите вие е отпочната од порано, а тогаш сте биле против, а сега останувате рамнодушни во таквата ситуација Тоа не е добро. Тоа е едната работа.

Второ, г-дине претседателе, овој состав на Републичкиот судски совет е избран од ова владино мнозинство заради овие интервенции во работата на судскиот совет. Еден од претседателите на Републичкиот судски совет, веќе поднесе оставка. Го доведуваме и другиот, што сега скоро е избран во ваква ситуација.

На крајот, ваше право е да ја водите седницата, да ја координирате, да давате упатство, деловничка интервенција и т.н.

Меѓутоа, сакам да го подвлечам следното: Во натамошната расправа, по ова, или под било кое прашање, дозволете да се искажаме рамноправно сите пратеници.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Повторно ќе ви објаснам. Тоа за да се искажете, никој не ви пречи. Јас посебни напори вложувам да влезете овде и да се искажувате. Проблемот е во тоа што вие не така со задоволство влегувате за да се искажете. Инаку, секој кој бара збор, може слободно да се искаже.

Второ, политичката проценка, а сега се работи за политичка проценка, дали добро гласаат пратениците, или не гласаат добро, дали тоа е добро така да биде или не, е една работа.

Втора работа е што е тоа во согласност со Уставот. Тоа е во согласност со сегашните прописи. Јас никогаш, г-дине Зибери и на сите вас исто така, без оглед колку е лош законот, нема да се определам политичка одлука да ценам и политичкото убедување да го ставам пред законот. Додека е таков законот и додека е таков Уставот, така има да се применува. Нашето политичко согледување и политичките одлуки и политичките опоненти, треба да не поттикнат да ги промениме законот, уставот и т.н. Да не очекувате, заради тоа што јас еве, гласав, а и сега гласав за сите предлози од судскиот совет, тоа не ми дава за право да ги обвинам другите, кои гласале против Уставот. Тоа не е точно. Тие имаат право да гласаат така.

Ако тоа не е добро, ве упатувам на тоа да ги промениме актите. Но мора по актите да се постапува и секој кој што ќе постапува во согласност со правата што ги има во Уставот и Законот, е рамноправен со сите. Врз основа на Законот е рамноправен.

Затоа ви велам немојте политичкиот опортунитет, набојот во јавноста и т.н. да го ставаме на повисок пијадестал од пишаниот закон. Тоа не води кон добро никаде, па ни овде. Јас такво гледање нема да прифатам и нема да одобрам. Ако е моето однесување такво, јас си гласав по свое убедување, како и од првиот пат, од првиот предлог на судскиот совет до денеска.

**ЃУЛИСТАНА МАРКОВСКА:**

Почитуван претседателе, почитувани дами и г-да. Сметам дека без потреба навлеговме во една полемика во која што им даваме за право на оние кои што поинаку мислат, да сметаат дека Собранието работи незаконски.

Прво што треба да го потенцираме во овој момент е дека процедурата во ова Собрание не е нарушена со изборот или не изборот на поедини кандидати за претгседатели на судии и дека Собранието си ја заврши процедурално и во состав на соодветните законски и уставни ингеренции својата работа. Тоа е најважно.

Ова што постојано од одделни пратеници беше потенцирано, дали ние ги почитуваме одредбите на судскиот совет, или не, исто така, постои правен лек, а тоа

е, бидејќи Собранието никаде не стои, ниту во Законот за судовите, ниту пак во Уставот, дека го верификува, или утврдува составот на кандидатите, кои што биле предложени од страна на судскиот совет, туку се вели дека ги избира, тоа значи дека Собранието правилно работи. Она што е правен лек, зошто ние не ги почитуваме одлуките на судскиот совет, можеа пратениците кои не се согласуваат да поднесат интерпелација за поедините членови, за да видиме, како и на кој начин работи Републичкиот судски совет и дали ни предлага кандидати, кои што сметаме дека треба да бидат избрани.

Според тоа, мислам дека не треба да влегуваме понатаму во никаква полемика, бидејќи точките на дневен ред завршија, а оние кои што сметаат дека одлуката не е донесена, согласно процедурата и согласно законските решенија можат да се жалат на истите.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали некој друг бара збор?

За збор се јави г-дин Сејфедин Харуни.

**СЕЈФЕДИН ХАРУНИ:**

Јас сакав да се вклучам во дискусијата, меѓутоа, многу мина дискутанти ме натераа, а повод ми даде и првиот спикер на Собранието.

Г-дине претседателе, Вие сте по трет мандат спикер на Собранието. И природата а и не е ваше својствено, да се препуштате под влијание на политиката. Барем јас сум имал таков впечаток. Меѓутоа, вие седите на таа фотеља, каде што седи и вашиот потпретседател, вториот спикер, а тој го има презимето Далавера. Дали тука очигледно станува очигледно и поради тоа што не се почитува стручноста има и далавера, јас сум сигурен дека тоа е така.

Претходниот дискутант, што сакаше и стручно нешто да придонесе во оваа дискусија, таа сигурно во некој Управен одбор доаѓаше и не е во тек со ова што ние расправаме тука. Затоа, дека Собранието на една идна седница треба да расправа за вас и да поднесе интерпелација за вака слабо организирање и водење на седниците, вие сте повеќе од 'печен"за интерпелација.

**СТОЈАН АНДОВ:**

На седницата јас ќе ја ставам интерпелацијата па ќе видиме, до колку сум "печен", што ќе правиш, јас не бегам од одговорноста, и никогаш не сум бегал. Меѓутоа, сега не е тоа. А Сејфедин Харуни ќе го ислушаме и тогаш и тој ќе си каже, ќе му одговориме исто така, па ќе се гласа, и така ќе биде таа работа.

Инаку, верувајте, тоа никој не може да ми го префрли дека во работењето и во водењето на постапката овде има политика и дека инсистирам на политика. Тоа е пропис, тоа е напишана норма, само до тоа се држиме и има да се држиме. Политичките притисоци се да се отстапи од тоа. Јас уште еднаш ви кажувам. Не само во Собранието, било кога атмосферата, кога политичкото расположение, на поголем или на помал дел од јавноста сака да се стави над законот, над нормата, тоа е голема опасност за државата и за сите тие што тоа го сакаат. Додека јас сум на оваа функција и каде што ќе ми биде достапно, да се бранам од таквите од кои ќе се бранам, ќе ги бранам институциите од таквите појави и нема да дозволам над прописот, над нормата, да дојде политичкото разбирање, политичкото сваќање, популизмот и т.н. Тоа не може да биде. А политиката е во тоа: да се изработи предлог на закон во постапка која е предвидена со Уставот и Деловникот, да се изменат прописите и работата да си биде на свое место.

**ЉУТФИ БИЉАЛИ:**

Г-дине претседателе јас сум на мислење дека без потребно се нервирате, бидејќи ние овде во Собранието не можеме апсолутно вака да размислуваме и да се декларираме и би било добро доколку и пратеничката група на СДСМ би била овде во Собранието. Но има одредени гласноговорници на пратеничката група, па затоа, бидете малку стрпливи и послушајте ги и тие советувања на тие гласноговорници.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ова е веќе надвор од Деловникот. Вие веќе не интервенирате деловнички. Ве молам, ниту јас се нервирам, ниту сум загрижен за тие работи. Тоа ќе биде точно така како што треба да биде, за тоа не берете гајле, ние ќе си останеме на Деловникот на Законот, на Уставот, на прописите.

За збор се јави уште еднаш г-динот Сејфедин Харуни.

**СЕЈФЕДИН ХАРУНИ:**

Немав намера да се јавувам.

**СТОЈАН АНДОВ:**

За збор се јави г-динот Абдурахман Алити.

**АБДУРАХМАН АЛИТИ:**

Сосема накратко само да изјавам дека навистина не гледам повреда на

Деловникот за работа на Собранието. Друго е прашањето што сакам исто така јасно да кажам дека на овој начин очигледен е обидот на парламентарното мнозинство да го дисциплинира Републичкиот судски совет и мислам дека треба ова јавно да се каже и во вонинституционални канали некој тука да обезбеди влијание, кој за каква функција ќе биде предложен од нивна страна.

Повторувам, вониституционално, затоа што кога ќе го вратите предлогот, по втор пат предлогот, тој или да биде толку достоинствен, комплетниот состав на судскиот совет да поднесе оставка, да каже јавно зошто поднел оставка, или пак да се покори на нечија волја кој што навикнат можеби научил од претходната власт, не го негирам тоа, но не е никаква сатисфакција за нас, ниту за граѓаните на РМ, денеска да се правдаме со тоа што ако некој вчера не избрал десетина судии од вкупно 600 или 700, или нека бидат 50 од 600, денеска да се изберат само двајца од вкупно предложени. Намерата ми беше и се уште ми е за тоа да кажам дека начинот на кој се сака да се дисциплинира судскиот совет не е добар, не придонесува за изградба на демократските процеси тој е антидемократски чин и на тој начин ние не можеме да излеземе од тие партиски инструкции, се разбира кога не се добри.

**СТОЈАН АНДОВ:**

За збор се јави г-динот Ѓорѓи Котевски.

**ЃОРЃИ КОТЕВСКИ:**

Почитуван претседателе, почитувани дами и г-да пратеници.

Од толку стручни објаснувања, навистина ми се замати умот и се откажувам од говорот.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Јас повторно ќе ви кажам политички разлики ќе постојат во Собранието, политички ставови и проценки ќе има, некогаш нивниот ефект ќе биде позитивен некогаш негативен се разбира, секој што е застапник ќе ги преставува тие политички опции, ќе носи одговорност за тоа, но наше е да обезбедиме да се спроведуваат прописите. Тоа бидете сигурни ќе го обезбедуваме овде.

**СТОЈАН АНДОВ:** (Продолжение)

Одиме понатаму, бидејќи веќе нема деловнички интервенции.

Минуваме на точката 38 - Предлог на одлука за изменување на Одлуката за основање на совет за меѓунационални односи.

Предлогот на одлуката ви е поделен.

Отворам претрес. Молам, кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот.

Предлогот на одлуката го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме.

Гласале 51 пратеник, 43 пратеници гласале за, 7 воздржани и 1 против.

Ве молам да утврдиме дали имаме доволен број присутни пратеници во салата.

Во салата нема доволен број на присутни пратеници.

Ве молам повикајте ги пратениците да влезат во салата за да можеме да гласаме и да продолжиме со работа.

Претходното гласање не важи, бидејќи е обавено во присуство на помал број пратеници отколку што е неопходно.

Ве молам да гласаме.

Гласале 55 пратеници, 54 пратеници гласале за, еден воздржан и никој не гласал против.

Ве молам да го утврдиме бројот на присутните пратеници во салата.

Во салата се присутни 65 пратеници.

Според тоа резултатот од гласањето се уважува.

Минуваме на точката 39 - Предлог на одлука за изменување на Одлуката за избор на претседател и членови на Комисијата за прашања на изборите и именувањата на Собранието на Република Македонија.

Предлогот на одлуката ви е поделен.

Отворам претрес. Молам, кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот.

Предлогот на одлуката го ставам на гласање. Ве молам да гласаме.

Гласањето не важи, бидејќи ми е соопштено дека 60 пратеници биле присутни во салата во моментот на гласањето. Така што не треба да го утврдуваме резултатот.

Сега да видиме дали имаме доволен број на присутни пратеници во салата.

Молам, пратениците да седнат на своите места.

Ако нема услови да ја продолжиме седницата, тогаш седницата да ја одложиме за утре.

Ве молам повикајте ги пратениците да влезат во салата за да продолжиме со работа.

Ве молам да го утврдиме точниот број на присутни пратеници во салата.

Службите нека го утврдат точниот број на присутните пратеници во салата.

Немаме доволен број на пратеници.

Тогаш присутните нека ги притиснат копчињата.

Со работа ќе продолжиме утре со почеток во 11,00 часот.

(Седницата прекина во 16,35 часот).